**Институт за јавно здравје на РМ**
**Сектор за контрола и превенција на заразни болести**

# ЕБОЛА ВИРУСНА БОЛЕСТ – ИНФОРМАЦИИ ЗА ПАТНИЦИ

**Јули, 2014**

Во овој момент, во тек е епидемија на Ебола вирусна болест во неколку земји во Западна Африка - **Гвинеја, Сиера Леоне** и **Либерија**, а регистриран е случај и во **Нигерија.**

Иако бројот на заболени, после привремениот пад, повторно почнува да расте и ја надмина бројката од 1.300 (729 смртни случаи, стапка на смртност 55,1%), ризикот од инфекција со вирусот на Ебола е низок, како за жители, така и за лица кои патуваат во земји-области каде е регистрирана Ебола вирусна болест, освен ако не се директно изложени на телесни течности на мртви или живи заразени лица или животни. Контакт со телесни течности вклучува и незаштитен сексуален контакт со лица до седум недели од оздравувањето.

Вообичаени контакти на јавни места со луѓе кои не се болни, не се ризик за добивање Ебола!
Ебола не се добива при ракување со пари, намирници или пливање во базен!
Комарците не го пренесуваат вирусот на Ебола!

Ебола вирусот е чувствителен и лесно се уништува со сапун, дезинфициенси, варикина, сончева светлина или сушење.
Во надворешна средина, Ебола вирусот кратко време преживува само на свежо загадени површини и предмети од околината на болниот.

*Не постои ниту вакцина ниту специфичен третман за оваа болест!*

## Совети за луѓето кои патуваат во земји/региони зафатени од Ебола

Лицата кои поради различни причини патуваат во земји или области каде се регистрирани случаи на заболување од Ебола, можат да се обратат до епидемиолошка служба при надлежниот Центар за јавно здравје или негова подрачна единица во местото каде живеат и да побараат информации и совет како треба да се однесуваат за време на престојот во зафатените подрачја.
Исто така, можат да се добијат дополнителни информации на точките на влез во земјата (на аеродроми, пристаништа и на копнени гранични премини) за потенцијалниот ризик од Ебола вирусната болест.

И покрај нискиот ризик, патниците во овие земји треба да се придржуваат кон препорачаните превентивни мерки, за да го избегнат заразувањето:

- Да се избегнува директен контакт со крв или други телесни течности од заразен или мртов човек, како и со предмети од неговата околина кои може да се контаминирани;
- Да се избегнува близок контакт со диви животни, нивна крв и телесни течности, но и консумирање на сирово или недоволно термички третирано месо од диви животни;
- Да се избегнува незаштитен сексуален однос;
- Да се практикува добра лична хигиена!

**Институт за јавно здравје на РМ**
**Сектор за контрола и превенција на заразни болести**

## Совети за луѓето кои се враќаат од земји/региони зафатени со Ебола

Доколу некое лице се заразило со Ебола вирусот за време на својот престој во некоја од споменатите земји, симптомите на болест може да ги манифестира за време на патувањето или кога ќе се врати дома (инкубацијата на болеста се движи од 2 до 21 ден).
*Важно е да се знае дека не постои ризик од пренесување на болеста за време на периодот на инкубација, а ризикот во раната фаза на симптоматска болест е мал!*
Лицата кои патувале/престојувале во земји или области каде има регистрирани случаи на Ебола вирусна инфекција, потребно е да ја следат својата здравствена состојба по напуштањето на овие земји (најдоцна до три недели по враќањето!) и **ВЕДНАШ да побараат итна медицинска помош доколку ги имаат следните симптоми:**

- **Треска, интензивна слабост и истоштенот, болки во мускулите, главоболка, болки во грлото, потоа повраќање, пролив, исип по телото, појава на крварења или било кои други тешки симптоми.**

**На здравствениот работник, задолжително треба да му се каже за патувањето во споменатите земји каде има Ебола вирусна инфекција!**

Можно е заболувањето да е резултат и на некоја друга инфекција, како на пр. маларија, жолта треска, денга или друга тропска болест, која исто така бара итно иследување и третман во здравствена установа.

Патниците во земји каде е регистрирана Ебола вирусна болест (пр. волонтери кои работеле во здравството во погодените области и др. лица), доколку **се сомневаат дека биле изложени на вирусот на Ебола (крв и телесни течности од мртви или живи заразени лица или животни, вклучувајќи незаштитен сексуален контакт со пациенти кои оздравеле),** исто така е потребно **ВЕДНАШ** да бараат итна лекарска помош и да ја спомenат неодамнешната историја на патување на здравствениот работник.

**Контактирајте ја медицинската установа по телефон пред да ја посетите!**, со цел да им се овозможи на медицинските лица да користат соодветна заштита во моментот на прием и да ја намалат можноста на инфекција да бидат изложени и други пациенти.

---

*Користени документи на СЗО (WHO - World Health Organisation) и ECDC (European Centre for Disease Prevention and Control)*

30.07.2014